Врз основа на член 23 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање („Сл. весник на РМ” бр. 51/05), член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 137/07) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.12.2007 година, донесе

# О Д Л У К А

## За утврдување Нацрт-Планот на ГУП за Сообраќајно Решение „Детал 5” Битола

### Член 1

СЕ УТВРДУВА Нацрт-Планот на ГУП за Сообраќајно Решение „Детал 5” Битола.

### Член 2

По Нацрт-Планот ќе се организира стручна расправа.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-3337/3
14.12.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање („Сл. весник на РМ” бр. 51/05), член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 137/07) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.12.2007 година, донесе

# О Д Л У К А

## За утврдување Нацрт-Планот ГУП на Битола

## „Блок 3” Битола

### Член 1

СЕ УТВРДУВА Нацрт-Планот на ГУП Битола „Блок 3” Битола.

### Член 2

По Нацрт-Планот ќе се организира стручна расправа.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-3337/4
14.12.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за урбанистичко и просторно планирање („Сл. весник на РМ” бр. 51/05), и член 15 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 137/07) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.12.2007 година, донесе

О Д Л У К А

за утврдување Нацрт-Планот на ДУП за „Урбан Блок 2-Оризари”

Битола

Член 1

СЕ УТВРДУВА Нацрт-Планот на ДУП за „Урбан Блок 2-Оризари” Битола.

Член 2

По Нацрт-Планот ќе се организира стручна расправа.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-3337/5<br>14.12.2007 г.<br>Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општината Битола<br>Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 11 и 26 став 5 алинеја 2 и член 17 став 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 51/05) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.12.2007 година, донесе

# О Д Л У К А

## за измени и дополнување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Центар 2-дел Урбан Модул 3” - Битола

### Член 1

Во членот 1 од Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесувае на ДУП за „Центар 2-дел Урбан Модул 2” – Битола бр. 07-1232/7 од 29.12.2004. („Сл. гласник на Општината Битола” бр. 11/04) ставот 2 и 3 се менува и гласи:

Границите на Урбаниот Модул се: на север ул. „Булевар 1. Мај” од „Ленски Мост” до завршетокот на парцелата на станбената кула, па по северната граница на парцелата на ОУ „Кирил и Методиј”, односно по граница на опфат на „Стара Битолска чаршија”, до ул. „Блаже Рогозинаро” и дел од ул. „Блаже Рогозинаро”, до ул. „2-ри Август”, од исток се граничи со ул. „2-ри Август”, од југ со ул. „Ѓуро Ѓаковиќ”, а од запад со дел од ул. „Никола Тесла”, почнувајќи од „Ленски Мост” на реката Драгор, па се до аголот кај Зградата „Грозд”.

Опфатот на вака предложената Модул има површина од 4,10 ха.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-3337/6<br>14.12.2007 г.<br>Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општината Битола<br>Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002), член 2 став 2 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на Република Македонија" број 61/2005), и член 70 од Статутот на Општината Битола ("Службен гласник на Општината Битола" број 10/2005), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.12.2007 година, донесе

**О Д Л У К А**

за измена и дополнување на Одлуката за утврдување
висината на комуналните такси во Општината Битола

Член 1

Во Одлуката за утврдување висината на комуналните такси во Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 09/05) во членот 2, тарифен број 1 под „в", износот на таксата од 6.000 денари се менува со 5.000 денари.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Битола", а ќе се применува од 01.01.2008 година.

Бр.07-3337/7
14.12.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола ("Службен гласник на Општината Битола" број 10/2005), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 14.12.2007 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување Информацијата за состојбите, развојот и унапредувањето на доброволното крводарителство заради задоволување на потребите од крв во Општината Битола

1. Се усвојува Информацијата за состојбите, развојот и унапредувањето на доброволното крводарителство заради задоволување на потребите од крв во Општината Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Битола", а ќе се применува од 01.01.2008 година.

Бр.07-3337/8
14.12.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола ("Службен гласник на Општината Битола" број 10/2005), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 14.12.2007 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување Извештајот за финансиските средства
што се стекнуваат по основ закуп во објектите на месните заедници

1. Се усвојува Извештајот за финансиските средства што се стекнуваат по основ закуп во објектите на месните заедници.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Битола", а ќе се применува од 01.01.2008 година.

Бр.07-3337/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
14.12.2007 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 220 од Законот за работните односи („Сл. Весник на РМ” бр. 62/05, 03/06 и 44/06), член 36 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ” бр. 05/02), а во врска со член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.12.2007 година, донесе

# О Д Л У К А

## за овластување на директорот на ЈП „Пазари” Битола за склучување поединечен Колективен договор

### Член 1

Се овластува директорот на ЈП „Пазари” Битола да го склучи поединечниот Колективен договор на ЈП „Пазари” Битола заедно со репрезентативниот синдикат во ЈП „Пазари” Битола.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-3337/10
14.12.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 49 од Законот за измени и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ” бр. 65/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.12.2007 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Одлуката на У.О. на
Јавната општинска установа за деца-Детска градинка
„Естреја Овадија Мара” – Битола за утврдување работа во саботите
во објектот на ДГ „Снегулка”

1. Се дава согласност на Одлуката на У.О. на Јавната општинска установа за деца-Детска градинка „Естреја Овадија Мара” – Битола за утврдување работа во саботите во објектот на ДГ „Снегулка” бр. 02-303/10 од 02.11.2007 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-3337/11
14.12.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), член 5 став 2 од Законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр. 61/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.12.2007 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за измена и дополнување на Решението за формирање
Комисија за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот

1. Во Решението за измена и дополнување на Решението за формирање Комисија за утврдување пазарна вредност на недвижен имот („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 05/07) се врши измена и тоа: Од Комисијата се разрешуваат членовите: Љупчо Наумовски, Крсте Дамчевски, Ариф Мехмедали, Мевљуд Јусуфи, Методија Костов, Благојче Недановски, Сотир Спировски, Љубица Митевска, Снежана Галовска и Зоран Чона.

На нивно место се именуваат: Ана Додова, Мирче Ристевски, Манели-Ристова Драга, Стојче Пејчиновски, Митре Атанасовски, Пеце Петровски и Јосиф Јанев.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-3337/12
14.12.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 36 ст. 1.т.2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на Р.М. бр 5/2002 година), член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола бр. 10/05 година ), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 14.12.2007 година, донесе:

# О Д Л У К А

за измена и дополнување-пренамена на средствата во Буџетот на Општина Битола за 2007 година

Член 1

Со оваа одлука се врши пренамена на средствата во Буџетот на Општина Битола за 2007 година и тоа на следниот начин:

**Колона Наменски дотации програма Н2**

Ставка 401130 Основни плати- други вработени бил планиран износ од 17.608.568,00 денари се менува и гласи 17.602.568,00 денари.

Ставка 403110 Придонес за водоснабдување бил планиран износ од 52.093,00 денари се менува и гласи 58.093,00 денари.

**Колона Наменски дотации програма Њ0**

Ставка 401130 Основни плати- други вработени бил планиран износ од 5.695.420,00 денари се менува и гласи 5.751.361,00 денари.

Ставка 401320 Надомест за храна бил планиран износ од 828.000,00 денари се менува и гласи 730.000,00 денари.

Ставка 401510 Персонален данок од плата бил планиран износ од 763.464,00 денари се менува и гласи 672.166,00 денари.

Ставка 402110 Придонес за ПИО бил планиран износ од 2.399.580 се менува и гласи 2.494.384,00 денари.

Ставка 402210 Основен придонес за здравство бил планиран износ од 833.076,00 денари се менува и гласи 864.463,00 денари.

Ставка 402220 Основен придонес за професионално заболување бил 45.276,00 се менува и гласи 46.983,00 денари.

Ставка 402310 Основен придонес за Агенција за вработување бил планиран износ од 144.876,00 денари се менува и гласи 150.335,00 денари

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во Службен гласник на Општина Битола.

Бр.07-3337/13
14.12.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола бр. 10/05 година ), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 14.12.2007 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за финансиско обврзување на Општина Битола
## за проектот „Форуми во заедницата“

1. СЕ УСВОЈУВА финансиското обврзување на Општина Битола во предлог проектот за програмата „Форуми во заедницата“ за периодот 2007-2009 година имплементиран од Швајцарската Агенција за развој.

2. Одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Битола.

Бр.07-3337/14
14.12.2007 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 14.12.2007 година, донесе

# О Д Л У К А
## за организирање пречек на Новата 2008 година

### Член 1
Заради продолжување на досегашната практика, Општината Битола ќе преземе активности за организирање акции и манифестации за организиран пречек на Новата 2008 година.

### Член 2
За естетското украсување и урбаното уредување на потесното градско подрачје, како и за организирање на манифестациите, претставите, како и други придружни активности се формира Координативно тело во состав:

- Владимир Талески, градоначалник на Општината Битола;
- Живко Гацовски, член на Советот;
- Димитар Спасевски, член на Советот;
- Евдал Акифи, член на Советот;
- Кирчо Ташков, член на Советот.

Координативното тело ќе изработи програма за спроведување на активностите околу пречекот на Новата 2008 година.

Координативното тело да поднеси финансиски извештај за извршувањето на Програмата во рок од 60 дена до Советот на Општината Битола.

За оваа намена ќе се користат средствата од Буџетот на Општината Битола, потставка 425990, 426990, 464990-АО-Совет.

### Член 3
Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-3337/15<br>14.12.2007 г.<br>Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>на Советот на Општината Битола<br>Лилјана Кузмановска